# Службен гласник

## на Општина Кавадарци

| Број 27 | 05.12.2018 година |
|---|---|

**СОДРЖИНА**


| | |
|---|---|
| Јавна Објава по управна постапка арх.бр.15-83 | |
| | |


Согласно член 84 и член 86 од Законот за општата управна постапка (”Службен весник на Република Македонија” бр.124/2015), Градоначалникот на Општина Кавадарци врши,

ЈАВНА ОБЈАВА

Се повикуваат непосредните соседи на градежното земјиште кое се наоѓа на кп.бр.11712 КО Кавадарци 2, и тоа Ѓорѓи Давчев со последно живеалиште во Кавадарци со адреса на улица Димката А. Габерот бр.30 и Роза Гертх со последно живеалиште во Кавадарци со адреса на улица Димката А.Габерот бр.28, во врска со управната постапка со арх.бр.15-83 поведена пред општина Кавадарци по барање на инвеститорот Општина Кавадарци за издавање на одобрение за градење за доградба на детска градинка - објект Детелинка втора категорија, на улица Наќо Лазовски бб Кавадарци, на ГП 1.55 на кп.бр.11712 КО Кавадарци 2, како непосредни соседи на градежната парцела за која е издадено одобрението за градење да дојдат и да извршат увид во документација.

Доколку непосредните соседи не извршат увид и/или не поднесат жалба против одобрението за градење во законскиот рок утврден во став 6 од објавата, одобрението за градење станува правосилно.

Објавата се врши преку дневен печат кој е дистрибуиран на целата територија на Република Македонија, во текот на два последователни дена.

По објавите од предходниот став, јавниот орган на свој трошок ќе изврши и еднократна објава во службено гласило на општината.

По извршените објави од предходните ставови, се смета дека странките се уредно известени за писменото.

Известувањето по пат на службено објавување се смета дека е извршено по истекот на десет дена од датумот на објавување.

Предупредување за странките дека ваквиот начин на доставување се смета за уредна достава и дека за негативните последици кои можат да настанат ги сносат самите странки.

Изработил,
Ефтимчо Петровски

Одобрил,
Драгослав Симоновиќ

Градоначалник
М-р Митко Јанчев